Утрински Весник

Број 2466  среда, 22 август 2007

# Мајк Зафировски:
# Бизнис-климата е подобра, но треба уште работа



Фокусирање на инвестиции во лесното производство, на информатичката технологија и на храната и туризмот

**ВЕРЧЕ ГЕОРГИЕВСКА**

Во последниве 12 месеци Македонија бележи напредок, економијата се подобрува, расте стоковната размена, Владата води борба против корупцијата. Тоа се добри знаци за потенцијалните инвеститори, но премиерот и Владата имаат уште многу работа за да се привлечат потенцијалните инвеститори. Почетокот е одличен и процесот мора да продолжи. Во таа насока, мора забрзано да се работи, а меѓу клучните работи е и забрзувањето на судските реформи. Вака ја оценува бизнис-климата во државава Мајк Зафировски, американски бизнисмен со македонско потекло, прв човек на „Нортел“, по неколкудневниот престој во државава. Зафировски, придружуван од неколку влијателни бизнисмени со македонско потекло кои работат во Америка и во Канада, со премиерот Груевски ги разгледуваше можностите за соработка за економски развој на Македонија, што е и главна цел на „Македонија 2025“, асоцијација формирана да помогне во идентифицирањето и промовирањето на неколку клучни индустрии во државава, но и да ги советува и да ги инспирира нашите претприемачи како да го развијат бизнисот.

По средбата со нашите бизнисмени и со државниот врв, премиерот и претседателот, Зафировски оценува дека државата треба да вложува во образованието и да врши обука на работната сила, да се подобри конкуренцијата во телекомуникацискиот сектор. Но, клучно е, според него, еднаш засекогаш да се искорени навиката политиката да се меша во бизнисот. Тој смета дека Владата мора да се фокусира на привлекувањето странски инвестиции во лесното производство, информатичката технологија, производството на храна и на туризмот.

„Сега сме на Водно, но крстот е сепак на врвот. И треба да се стигне до него“, порача Зафировски, кој неодамна му стана советник на американскиот претседател Џорџ Буш за

безбедност во телекомуникацискиот сектор.

„Разгледавме различни можности за соработка, односно со заеднички сили да се туркаат проектите кои ќе и' помогнат на Македонија. Разговаравме и за можноста во наредните месеци да помогнат со своите препораки многу инвеститори кои ги носат одлуките во некои компании да ја посетат Македонија, а ние да ги пречекаме тука и да им ги кажеме бизнис-можностите“, изјави вчера премиерот Никола Груевски, кој со Зафировски и со претставници од „Македонија 2025“ претходно ја посетија економската зона Бунарџик и го запознаа со активностите за стартот на инвестицијата на американски „Џонсон контролс“.

Љупчо Наумовски, заменик-претседател и генерален менаџер за Русија на фирмата „Кинрос голд“, вели дека за време на средбата со нашите бизнисмени ги разгледале нивните идеи, планови и проекти за инвестирање. Тој смета дека сите овдешни бизнисмени не бараат пари и дека не се жалат сите од Владата, туку имаат проблеми што ги има секој претприемач во светот. „Ќе им даваме совети на македонските бизнисмени. Ние скромно ќе се обидеме да им помогнеме и да им го пренесеме нашето искуство. Совети ќе им даваме и кога ќе си заминеме од Македонија, за да можат да си најдат инвеститори за нивните проекти “, појаснува Наумовски, кој вели дека Македонија ќе привлече инвестиции само со добри примери за инвестирање во неа.

Митре Кутановски, пак, поранешен извршен директор на „Американ експрес“ и извршен директор на „Митре груп“, вели дека иднината на Македонија е во малите бизниси. Според него, токму малите бизниси ја држат државата.

Бизнисмените од „Македонија 2025“ во изминативе четири дена разгледале триесет и девет бизнис-планови на македонски претприемачи, кои ги оценуваат како успешни. За петте најдобри бизнис-проекти се предвидени парични награди од 1.000 евра.